*Сергеј ЦВЕТКОВСКИ*

***УДК: 341.33/.34:341.31***
Прегледен труд

# ЗА ХУМАНАТА ДИМЕНЗИЈА НА СОВРЕМЕНИТЕ ВООРУЖЕНИ КОНФЛИКТИ НИЗ БРОЕВИ И ПРАВОТО

***Кратка содржина:***

*Преиспитувањето на класификацијата на современите вооружени конфликти го правиме низ анализа на хуманитарното право и достапните податоци за вооружените конфликти, со комбинирање на правните, политичките и етичките димензии на војната и статистичките показатели на современите конфликти. Авторот одговара на прашањата за: Дефинирањето на конфликтот согласно со различните филозофски, општествени и легални критериуми со културниот, правниот и политичкиот пристап на војната и соодветните причини за настанувањето и пролонгирањето на конфликтите; и главните трендови на конфликтите низ бројното присуство на конфликтите на глобалната сцена, бројот на жртвите, регионалното поместување на конфликтите и улогата на Исламската Држава. Во анализата на конфликтите се потенцираат сложеноста на современите конфликти низ проширените категории на жртви и борци како и потребата за заштита на жртвите. Оттука истражувањето ја допира проблематиката на применливоста на категориите законски и незаконски борец и соодветниот имунитет кој ги следи. Истражувањето на трендовите на современите вооружени конфликти не може да ги избегне ниту етичките димензии околу категоријата деца-војници. И понатаму останува нерешен проблемот од методолошки аспект за утврдувањето на прецизна статистика за индиректно загинатите цивили кои и понатаму претставуваат најбројна категорија.*

***Клучни зборови:*** *војна, конфликти, трендови, жртви, борци.*

**Вовед**

**Војната не е толку едноставна како порано.Војните (или вооружените конфликти, да го употребиме современиот термин) меѓу државите сега се ретки и граѓанските војни, кои отсекогаш се случувале, привлекуваат поголемо внимание од претходно**[1].Овде се поставува прашањето - дали, при активностите на борците за слобода и бунтовниците во граѓанските војни може да се користи меѓународното право (во форма на меѓународно хуманитарно право) за заштита на оние кои не учествуваат во конфликтот.

Според меѓународното хуманитарно право не постои единствена дефиниција за вооружен конфликт. Класификацијата на случаи на вооружено насилство според критериумите на меѓународното хуманитарно право има важни последици во меѓународниот правен систем.Конкретно, државите вклучени во вооружени конфликти ќе имаат права и должности кои не постојат надвор од вооружениот конфликт. Меѓународното хуманитарно право, поточно општиот член 3 од Четвртата женевска конвенција, прави разлика помеѓу две категории на вооружени конфликти: меѓународни и немеѓународни вооружени конфликти.И покрај современите предизвици за правната дихотомија помеѓу меѓународни и немеѓународни вооружени конфликти, според меѓународното хуманитарно право не постои друга категорија на вооружени конфликти (Cameron et al. 2016, 472).

И покрај тоа што хуманизацијата на војувањето е аспиративен концепт со векови, товарот на конфликтот сè уште несразмерно паѓа врз невините и неодбраните. Војната во Украина и другите конфликти го зголемија бројот на луѓе бегалци во 2022 година на повеќе од 100 милиони за прв пат во историјата.До крајот на 2021 година, конфликтите низ светот доведоа до акутна несигурност на храна за 140 милиони луѓе во 24 земји (UN Meetings Coverage and Press Releases, 2022).До средината на 2021 година, борбите присилно раселија 84 милиони луѓе, од кои речиси 51 милион се раселени внатре.

Илјадници деца се регрутираат и користат во вооружени конфликти низ светот. Додека живеат меѓу вооружени актери, децата доживуваат несовесни форми на насилство.Од нив може да се бара да учествуваат во ужасни церемонии за обука или иницијација, да подлежат на опасна работа или да се вклучат во борба - со голем ризик од смрт, хронична повреда и инвалидитет.Тие, исто така, може да бидат сведоци, да страдаат или да бидат принудени да учествуваат во тортура и убиства.Девојките, особено, можат да бидат изложени на родово базирано насилство (UNICEF 2021).

2020 година обезбеди многу докази дека решавањето на конфликтот е долгорочен потфат, бидејќи годината беше доминирана од многу исти

[1] Со исклучок на војната во Украина од почетокот на 2022 година.

конфликти кои беа присутни од пред 30 години.Одреден број на овие конфликти се последица на пропаста на СССР, додека друга серија на продолжени конфликти можат да се најдат околу Африка.Исламската држава (ИД) останува глобален проблем;таа беше вклучена во 16 конфликти во 2020 година.

Останува опасноста од латентни конфликти. Неколку мултиетнички земји беа растурени или доживеаја големи конфликти во 1990-тите, но потоа останаа мирни заклучно со 2022 година. На пример, во Европа, распадот на СФР Југославија резултираше со серија конфликти, како Словенија, поинтензивно во Хрватска и особено сурово во граѓанската војна во Босна и Херцеговина и НАТО-интервенцијата во Косово. Додека некои ексјугословенски републиките добија членство во ЕУ, Босна и Херцеговина останува тензичен регион во кој суштински политички конфликт не е решен, а ситуацијата е тензична и во Косово.[2] На Далечниот Исток, Индонезија имаше неколку вооружени конфликти во својата периферија во 1990-тите, како што се Ачех, Западна Папуа и Источен Тимор.Додека Источен Тимор ќе продолжи да стекнува независност Ачех веќе се избори за  ниво на автономија, а конфликтот во Западна Папуа иако останува нерешен во последните годинино не бележи значително насилство. Откажаната транзиција кон демократија во Алжир доведе до тешка граѓанска војна во 1990-тите, и тој конфликт останува активен преку Магребската гранка на Ал Каеда (AQIM).Корените на овој конфликт може да се следат назад кон влијанието на францускиот колонијализам – кој исто така е случај и со Амбазонскиот Регион на Камерун.

## 1. **Класификација на современите вооружени конфликти**

Според програмата на УПСАЛА за податоци за конфликти (UCDP), вооружениот конфликт се дефинира како судир на неусогласености околу владата или територијата или и двете при што употребата на вооружените сили меѓу двете страни доведува до барем 25 смртни случаи. Согласно со општоприфатената општа дефиниција на Апелацискиот совет на Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија, „вооружен конфликт постои секогаш кога постои прибегнување кон вооружена сила меѓу државите или продолжено вооружено насилство помеѓу владините власти и организираните вооружени групи или помеѓу таквитегрупи во една држава“ (ICTY 1995, 70). Со други зборови, постои меѓународен вооружен конфликт секогаш кога постои прибегнување кон вооружена сила меѓу државите, без оглед на интензитетот на таквата сила.Спротивно на тоа, за да постои немеѓународен вооружен конфликт, мора да се исполнат два кумулативни критериуми.Прво, мора да има „долго вооружено насилство“ во смисла дека е достигнат одреден праг на вооружено насилство во однос на интензитетот.Второ, барем едната

[2] Тековно, мај-јуни 2023 година.

страна во конфликтот е организирана вооружена група.Разликата меѓу меѓународен и немеѓународен вооружен конфликт се заснова на два фактори:

- Структурата и статусот на вклучените страни се различни.Во меѓународните вооружени конфликти се вклучени суверени држави.Спротивно на тоа, во немеѓународните вооружени конфликти се вклучени држави и организирани вооружени групи (ICRC 2011, 8).
- Прагот на интензитетот на насилството е различен.Нивото на насилство кое е потребно за да се активира меѓународен вооружен конфликт е значително пониско од потребното за да се конституира немеѓународен вооружен конфликт.

Многу современи вооружени конфликти се чини дека не се вклопуваат добро ниту во едната, ниту во другата категорија, бидејќи тие комбинираат елементи на традиционални немеѓународни вооружени конфликти во една држава со меѓународни интервенции во различен степен и во различни форми или се прелеваат на териториите на други држави. Ваквите предизвици за современата класификација на конфликти се однесуваат на фрагментацијата на вооружените конфликти, релевантноста на согласноста, таргетирањето на недржавните вооружени актери во странство, употребата на прокси сили и интервенциите на странските сили, вклучително и мултинационалните сили.Како последица на тоа, овие две категории приспособуваат широк опсег на ситуации, почнувајќи од асиметрични контексти каде што едната страна може да интервенира само од воздух и да распореди напредна технологија и оружје до ситуации во кои има многу недржавни вооружени групи кои се намножуваат и фрагментираат.

## 2. Главни трендови во вооружените конфликти по 1945 година

Според податоците од програмата на УПСАЛА за податоци за конфликти, постојат четири главни трендови во вооружените конфликти по 1945 година. Прво, од средината на 70-тите се бележи значителен пад на вооружени конфликти помеѓу државите во однос на внатрешно државни конфликти кои го сочинуваат поголемиот дел од организираното вооружено насилство во светот. Попрецизно, значителен број од современите конфликти не се конфликти помеѓу државите (34 во 2002 година, со пад на 25 во 2005 година, според Мек 2007, 3).

Втор главен тренд е дека од достигнувањето на максимумот од 52 државни вооружени конфликти во периодот 1991-1992 година, бројот опаднал на 40% помеѓу 1992 и 2005 година (Мек 2007, 1).Овој модел на опаѓање на вооружени конфликти ќе го користиме како основа за анализите кои следуваат во продолжение.

1) По период на постојан пад на бројот на вооружени конфликти во светот, трендот на намалување заврши.Податоците од ПРИО и

Универзитетот во Упсала во 2014 година покажуваат дека бројот на активни конфликти повеќе не е тоне, туку се одржува на 32 три години по ред.(CSCW, 2014). Внатредржавниот (граѓански) конфликт е најчестиот облик на вооружен конфликт и тоа беше случај од Втората светска војна. 2) Периодот од 2004 година до 2018 година беше најдолгиот период без меѓудржавен конфликт уште пред Втората светска војна.

Во однос на бројот на тековни конфликти заедно со бројот на нови конфликти заклучно со 2005, се констатира следново (CSCW, 2014) година: 1. Бројот на нови конфликти е прилично константен и генерално низок. 2. Два периоди се поврзани со зголемување на бројот на нови војни;1958–67, што е поврзано со деколонизација и појава на нови држави;и 1989–93, што кореспондира со крајот на Студената војна. 3. Поопшто, во однос на пропорцијата на бројот на земји во светот, зачестеноста на нови конфликти има јасен негативен тренд. 4. Зголемувањето на бројот на конфликти до 1992 година не се должи на зголемувањето на новите конфликти, туку на постојана акумулација на конфликти кои или не завршија или повторно започнаа набргу по мировните договори. 5. Соодветно, главната причина за падот на бројот на конфликти од 1992 година е значително зголемување на успешното завршување на конфликтите во комбинација со постојан, но мал пад во зачестеноста на нови конфликти (CSCW 2014).

Пониското ниво на вооружени конфликти по Студената војна главно се должи на 4 главни фактори. Прво, крајот на колонијализмот го отстрани главниот извор на политичко насилство од светската политика. Но, колонијализмот сѐ уште не е целосно искоренет бидејќи има уште групи кои ја водат борбата за свое ослободување од империјалистичката власт. Втор клучен фактор беше крајот на Студената војна, кога суперсилите запреа со подгревање војни во неразвиените земји. Трето, најважно беше зголеменото ниво на меѓународниот активизам под закрила на ООН по завршувањето на Студената војна. Овој активизам вклучуваше напори за превентивна дипломатија, миротворство, мировни операции и други механизми за поддршка на мирот, како и зголемена грижа за глобалната безбедност. Со вака зголемениот труд меѓународната заедница поуспешно прекинуваше војни. Последен фактор кој до 2022 година даваше основа за оптимизмот за иднина со намален број на вооружени конфликти беше и зголемената популарност на глобалните норми, кои забрануваат употреба на воена сила во меѓународните односи.

Според Странд и Хегре (2021) во 2020 година имаше 56 активни конфликти, што е рекордно високо ниво за периодот опфатен со UCDP. Осум од овие активни конфликти беа војни, во споредба со седум војни во 2019 година и шест во 2018 година. Зголемувањето на бројот на војни е загрижувачки. Истражувањата покажуваат дека додека помалите конфликти имаат мало влијание врз општествата, војните се тие кои предизвикуваат голем број на проблеми, често за многу долго време.

Трет значаен тренд во вооружените конфликти од 1945 год. е опаѓање на бројот на загинати. Ако просечниот број загинати на бојното поле (во државните конфликти) годишно беше 38000 во 1950 год., до 2005 год. падна на 700 што претставува намалување од 98%. Бројот на загинатите не го вклучува меѓународното ниво на цивилни жртви или т.н. индиректна смрт од болести поврзани со војната или со глад. Во однос на недржавните вооружени конфликти се бележи сличен тренд: од 2002 год. до 2005 год. опаѓањето на загинатите во недржавните конфликти беше 71% (Mack 2007, 7). Според СИПРИ (2022) Вкупниот проценет број на жртви поврзани со конфликти се зголеми на околу 150000 во 2021 година, што беше за 13 отсто повисоко отколку во 2020 година. Порастот беше поттикнат од значително зголемување на жртвите во Азија и Океанија (за 59 отсто повеќе од 2020 година)-најмногу поради зголемувањата во Авганистан, Мјанмар и Пакистан - и супсахарска Африка (за 19 проценти).Проценетите жртви поврзани со конфликти паѓаат трета година по ред во Блискиот Исток и во Северна Африка. Конфликтот во Украина во облик каков што е по февруари 2022 година ќе посведочи за уште поголем процент на зголемување на загинатите.

Во анализата на Центарор за истражување на граѓански војни (CSCW ) која го прикажува бројот на загинати во битки годишно од 1900 до 2005 година, бројките вклучуваат цивилни смртни случаи, но се бројат само смртните случаи кои произлегуваат директно од вооружени конфликти. 1) Тешко е да се прецизираат индиректните ефекти на војувањето како што се зголемената смртност од болести и глад.Бројките исто така исклучуваат еднострано насилство (геноцид, терористички напади врз цивили) и недржавни конфликти (етничко/секташко насилство)[3]. 2) Двете светски војни се надвиснуваат над сите други конфликти.Дури и Корејската војна, Виетнамската војна и Кинеската граѓанска војна се незначителни во споредбата. 3) Иако меѓудржавните војни се (и отсекогаш биле) поретки, тие исто така го сочинуваат најголемиот дел од смртни случаи (и веројатно уништување). 4) Вредно е да се забележи дека до неодамна најтешките конфликти во новиот милениум како во Ирак и Авганистан, иако привлекоа масивно медиумско внимание, нивниот број на смртни случаи поврзани со битки е прилично умерен во споредба со претходните војни. (CSCW 2014).

Од анализата на бројот на годишни смртни случаи во битки по региони од Втората светска војна се потенцира следново:

А). Општиот тренд на смртни случаи во битки е надолен.Ова делумно се должи на падот на бројот на конфликти, но делумно и поради најмалку две други случувања: намалувањето на конвенционални меѓудржавни конфликти и концентрација на внатредржавни конфликти

[3]Иако етичката димензија не дозволува да бидат исклучени фашистичкиот холокауст, геноцидот во Руанда, „Полиња на смртта" во Кампучија или Кинеската културна револуција.

во недемократски и многу сиромашни земји со ограничени воени капацитети (Lacina et al. 2006).

Б). Одредени конфликти, значително се издвојуваат од мноштвото претставувајќи предводници на регионална основа.Корејската војна и Кинеската граѓанска војна го делат првото место.Виетнамската војна (1965–75) е на второ место, а третото главно го делат Иранско-Ирачката војна (1980-88) и Советско-Авганистанска војна.Граѓанската војна во Демократска Република Конго (1996-2001) може да се позиционира на четврто место. Доколку недржавното насилство беше вклучено во оваа статистика, ќе видиме дополнителна позиција во 1994 г. со геноцидот во Руанда и, потенцијално, во последните години насилството во Ирак и во Авганистан.

В). Корејската војна е најтешка во однос на годишните жртви; но сепак, кога се сумираат смртни случаи од борби за време на конфликтот, Виетнамската војна е најсмртоносната.

Г). Во средината на 1980-тите, Африка ја замени Азија како најтешко погоден континент од вооружени конфликти.

Додека смртните случаи поврзани со конфликти генерално покажаа надолен тренд во годините до 2020 година, другите влијанија на вооружените конфликти (понекогаш во комбинација со дополнителни фактори) се чини дека се зголемени по сериозност, вклучувајќи раселување на населението, несигурност со храна, хуманитарни потреби и прекршување на меѓународното хуманитарно право (SIPRI 2022).

Четвртиот тренд е преместувањето на регионалното ширење на вооружените конфликти. Историски, ограничувањата наметнати од климата и географијата значеа дека големите војни се изведуваа на релативно мал простор (Keegan 1994, 68-73). Од 1945 год. стана јасно дека во различни периоди одредени региони бележеа повеќе војни од други. Така на пример, до 1970 год. Источна и Југоисточна Азија имаа најмногу загинати од војување, додека во подоцнежните фази од Студената војна повеќето жртви беа во Централна Азија, Африка и Средниот Исток. Од средината на 90-тите години Африка под Сахара се покажа како регион со најголема склоност за конфликти.

Во однос на географскиот тренд се покажува значителен неодамнешен пад на бројот на конфликти во Европа и во Америка.Европскиот конфликт го достигна својот врв во раните 1990-ти со граѓанските конфликти на Балканот.Вооружените конфликти во Америка, кои зафатија многу земји во Централна и Јужна Америка, го достигнаа својот зенит во 1980-тите. 2) Бројот на конфликти на Блискиот Исток остана релативно стабилен во текот на целиот период, иако со благ пораст во 1980-тите. 3) Повеќето конфликти во новиот милениум се водеа во Азија или Африка и оттука, овие континенти придонесоа да нема општ пад на зачестеноста на вооружените конфликти во последната декада. (CSCW 2014). Се забележува дека повеќето конфликти се географски групирани.Елипсите кои се протегаат од Кавказ до Филипините и од Големите Езера до Рогот на

Африка ги демонстрираат транснационалните димензии на граѓанскиот конфликт, односно граѓанскиот конфликт се прелева над границите и ги дестабилизира соседите.Само Колумбија и Алжир лежат надвор од регионалната врска на конфликти; сепак, Колумбија порано беше дел од зоната на конфликт која се протегаше од Мексико до Перу.Овие шаблони покажуваат дека конфликтите не можат да се разгледуваат изолирано еден на друг.

Според истражувањето на СИПРИ (2022), во 2021 година активни вооружени конфликти се случија во најмалку 46 држави (една помалку од 2020 година): 8 беа во Америка, 9 во Азија и Океанија, 3 во Европа, 8 на Блискиот Исток и Северна Африка и 18 во подсахарска Африка.Како и во претходните години, повеќето се случуваа во рамките на една земја (внатредржавни), помеѓу владините сили и една или повеќе вооружени недржавни групи.Три беа големи вооружени конфликти (со повеќе од 10000 смртни случаи поврзани со борба во годината): Авганистан, Јемен и Мјанмар.Вкупно 19 беа вооружени конфликти со висок интензитет (со 1000-9999 смртни случаи поврзани со борба): Нигерија, Етиопија, Мексико, Сирија, Демократска Република Конго, Бразил, Сомалија, Ирак, Буркина Фасо, Јужен Судан, Мали,Судан, Централноафриканската Република, Нигер, Камерун, Пакистан, Колумбија, Мозамбик и Филипини.Се водеа само три вооружени конфликти меѓу државите: граничните судири на ниско ниво меѓу Индија и Пакистан;Ерменија и Азербејџан;и Киргистан и Таџикистан.Два други вооружени конфликти се водеа меѓу државните сили и вооружените групи кои се стремат кон државност (меѓу Израел и Палестинците и меѓу Турција и Курдите).

Клучна причина за зголемениот број на конфликти во последната декада е Исламската Држава (ИД).Природата на ИД и нивните политички тврдења се сосема уникатни. Додека повеќето бунтовници се борат за да формираат влада на една земја (како во Јемен) или стремејќи се да се постигне независност за дел од земја (како во Етиопија), ИД се обидува да ги обедини сите муслимани во нов политички субјект што се протега и подведува неколку земји под нова политичка форма дефинирана со придржување кон исламот. Како таква, ИД има тенденција да се бори не само против владите туку и против други бунтовнички организации, како што видовме во Сирија и Ирак.Овие вектори на конфликт додаваат нови слоеви на комплексноста на сите обиди за решавање конфликти и мапирање на конфликти.Голем број на локации мора да бидат кодирани како паралелни конфликти, бидејќи ИД и другите бунтовнички организации се борат од различни причини. (Strand & Hegre 2021)

## 3. Борци во современите вооружени конфликти

Противниците во современите вооружени конфликти не се само државите, односно полтичките единици.Актерите на војувањето имаат различни форми и големини. Освен државите со нивните организирани

вооружени сили, други актери кои се вклучени во војувањето се и меѓународните организации, но и различни недржавни ентитети. Меѓународните организации војуваат од различни причини, но најмногу како резултат на мировните операции во зоните на тековните конфликти. ОН, ЕУ, НАТО и Економската заедница на западноафриканските држави и Африканската унија најпрепознатливо имаа сили на терен кои се вклучуваа во конфликтите. Соочени со теророт и локализираното насилство врз цивилите во голем обем во рамките на една држава, одредени меѓународни безбедносни организации, може да се чувствуваат принудени да направат нешто за да ги спречат таквите акции во иднина. Ова „нешто" може да вклучува употреба на вооружена сила за да се поразат или „изведат пред правдата" оние што се сметаат за одговорни за делата кои се казниви.Честопати со таква акција се преклопува желбата за хуманитарни активности за да им се обезбедат медицински услуги, згрижување, храна и други услуги на оние кои се погодени од конфликтот. Во реалноста, насилството во голема мера ја тестира до крај способноста на правото да го спречи тоа насилство.

Владините сили во однос на воената опрема и жива сила,обично ќе имаат предност над своите противници во граѓанските конфликти, пред бунтовниците. Така, на пример, бунтовниците веројатно нема да поседуваат бројна техника од софистицирани современи вооружени системи, ниту пак ќе поседуваат искуство на традиционална воена организација и дисциплината која ја повлекува таквата воена организација.Оттука, бунтовниците може да прибегнат кон повеќе „основни" активности кои вклучуваат тероризирање, убивање или повредување на оние кои не учествуваат активно во конфликтот.Згора на тоа, бунтовниците веројатно нема да имаат никакво знаење или обука за границите на дејствување наметнати од меѓународното хуманитарно право[4]. Со меѓународното хуманитарно право кое го покрива правото на засегнатата држава, владата често ќе ги смета бунтовниците како „одметници" или „терористи".Во таквите конфликти, за разлика од меѓународните вооружени конфликти, не постои поим за „законски борец" за страната на бунтовниците.

**Според меѓународното воено право, борец е лице кое директно се вклучува во непријателства, што значи учество во напад со намера да предизвика физичка повреда на непријателски персонал или објекти.Историски, таквите воинствени лица се класифицирани како „привилегирани", односно „законски" или „непривилегирани", т.е. „незаконски" борци.Таканаречениот „привилегиран" или „законски" борец е лице овластено поттикнато од страна во вооружен конфликт да се вклучи во непријателства и, како таков, има право на заштитата опфатена во „привилегијата на борецот" (Solf, 1983,**

[4]Со претпоставка дека владините сили имаат основна обука во оваа област на правото и дека командантите ќе сакаат да ја задржат дисциплинатамеѓу нивните трупи.

**59). Оваа привилегија во суштина е дозвола за убивање или ранување непријателски борци, уништување други непријателски воени цели и предизвикување индиректни цивилни жртви** (U.S. DEP®T OF THE AIR FORCE, 1976, 110-3l para.3.2 at 3.l). Законскиот борец кој ја поседува оваа привилегија треба да има статус на воен заробеник при фаќање и имунитет од кривично гонење според домашното право на неговите заробувачи за неговите непријателски дејствија кои не ги нарушуваат законите и обичаите на војната.

„Непривилегиран“ или „незаконски“ борец се однесува на лице кое нема привилегија на борец, но сепак директно учествува во непријателствата.Таквата категорија незаконски непријател вклучува: цивили, неборбен персонал во вооружените сили,[5] како и неборбени припадници на вооружените сили[6] кои, кршејќи го нивниот заштитен статус, активно се вклучини во непријателства.Овие лица привремено го губат својот имунитет од директен напад за времето кога ја преземаат улогата на борец.За разлика од привилегираните борците, незаконските борци по апсењето може да бидат судени и казнети според локалниот закон за нивната непривилегирана воинственост, дури и ако нивните непријателски дејствија се во согласност со законите на војната.

Поимот непривилегиран борец, исто така, се користи за да ги опише нерегуларните или делумно временски борци, како што се герилците, партизаните и членовите на движењата на отпорот, кои или не успеваат да се разликуваат од цивилното население во секое време додека се на активна должност или на друг начин не ги исполнуваат условите за статус на привилегиран борец.Други кои потпаѓаат во оваа категорија се оние привилегирани борци кои ги прекршуваат барањата во врска со начин на облекување, како што е редовниот воен персонал кој е фатен како шпионира, а притоа не е во војничка униформа (U.S. AIR FORCE, 1976, supra note 4, at para.3.3a at 3.3 ).

Терминот „незаконски“ борец се користи само за да се означи фактот дека на лицето му недостасува привилегијата на борец и нема право да учествува во воените дејствија.Учеството во борба на таквите лица не значи кршење на законите за вооружен конфликт, иако нивните специфични

---

[5]Таквите лица, кои не се борци, вклучуваат цивилни членови на екипаж на воени авиони, персоналот за снабдување на изведувачите, техничките претставници на владините изведувачи, воените дописници и членовите од работничките единици или цивилните служби одговорни за благосостојбата на вооружените сили.За разлика од другите цивили, овие лица се предмет на заробување и третман како воени затвореници според член 4(A)2(4) од Третата женевска конвенција.

[6]Таквите лица вклучуваат лекари, друг медицински персонал и капелани.Овие припадници на вооружените силите се класифицирани како неборци бидејќи уживаат специјална заштита според Женевските конвенции од 1949 година.За разлика од цивилите кои ги придружуваат вооружените сили, тие не смеат да бидат воени заробеници.

непријателски дејствија може да се квалификуваат како такви (Lieber Code,1863, Art 82)).[7]

Спротивно на тоа, владата вклучена во граѓанска војна или во друг вид внатрешни непријателства, не е обврзана да им додели на своите вооружени противници статус на воен затвореник бидејќи овие дисиденти ја немаат привилегијата на борец. Објаснување на причината за непримenливоста на оваа привилегија во внатрешните вооружени конфликти е следна: Владите, особено оние кои можат да бидат засегнати од некој појавен дисидент или сепаратистичкото движење, не се подготвени да се согласат со правило на меѓународното право со коешто, всушност, би си ги укинале нивните закони за предавство и би им доделиле на домашните непријатели легитимитет за убивање, осакатување, или киднапирање на безбедносниот персонал и уништување безбедносни инсталации и со тоа, тие нивни непријатели би станале предмет само на чесен притвор како воени заробеници до завршување на внатрешниот вооружен конфликт.

Во Третата женевска конвенција во членот 4А(2), се наведува дека, припадниците на таквите нерегуларни сили, за да се квалификуваат како привилегирани борци кои имаат право на статус на воен затвореник, мора, да ги исполнуваат следниве услови: (1) тие мора да припаѓаат на организирана група; (2) групата мора да припаѓа на Страна во конфликтот; (3) со групата мора да командува лице одговорно за неговите подредени; (4) групата мора да се погрижи нејзините членови да имаат постојан, карактеристичен знак што може да се препознае од далечина; (5) групата мора да се погрижи нејзините членови отворено да го носат оружјето;и (6) групата мора да се погрижи нејзините членови да ги водат своите операции во согласност со законите и обичаите на војната.

Но, овие услови „...дозволуваат окупаторската власт да им негира третман на воен затвореник на заробените герилци кои ги исполнуваат сите погоренаведени барања на дистинкција на привилигиран/непривилигиран борец преку неколку клаузули кои не се применуваат во однос на редовните војници.“ (Aldrich, 1982). Така на пример, би било практично невозможно за заробениот, како припадник на група на отпор да докаже дека неговата група ги почитувала условите (1) и (3) без да ја загрози безбедноста на неговата група.Навистина, заробен борец кој е принуден да докаже дека е член на организирано движење на отпорот со одговорен командант би било принудено да го открие идентитетот и локацијата на неговите соборци.Да се направи тоа би било крај на движењето на отпорот. Во случај на внатрешен вооружен конфликт, условот (2), групата да припаѓа на страна во конфликтот е исто така одбегнувачка клаузула на владината војска, односно предмет на злоупотреба од страна на силата која притворува.На припадник на герилската група, која инаку ги почитува

[7]Подбелешка 5, која ги вклучува меѓу оние кои немаат право на статус на воен заробеник, лица кои се борат „со наизменично враќање во своите домови и активности, или со повремена претпоставка за привидна миролубива определба“.

сите услови може да му се одбие статусот на воен затвореник само затоа што неговите заробувачи не ја признаваат страната на конфликтот на која ѝ припаѓа.Овој исход е прилично веројатен ако таа страна е влада во егзил или бунтовнички отпор или ослободително движење.Спротивно на тоа, член 4А(2) од Третата женевска конвенција му дава статус на воен затвореник на припадник на редовните вооружени сили, дури и ако тие сили припаѓаат на страна (како што се герилците) која не е признаена од заробувачите.

### 3.1. **Деца војници и деца во војните**

Кога станува збор за вооружените недржавни актери, тогаш најчести учесници се приватните воени комапании и најразновидните воени, паравоени и самоодбранбени територијални сили како и бомбашитесамоубијци. Понов тренд е и зголемениот број на деца борци во современите конфликти. Тие можат да бидат регрутирани и од државата, но почесто од страна на недржавните актери споменати погоре. Обичајното меѓународно хуманитарно право јасно забранува употреба на деца војници, наведувајќи дека „децата не смеат да се регрутираат во вооружени сили или вооружени групи“ и дека „не смее да им се дозволи на децата да учествуваат во непријателства“, ниту во меѓународни вооружени конфликти, ниту во граѓански војни. (IISS 2018).

И покрај законската забрана, употребата на деца војници во вооружени конфликти се зголеми во последните 20 години.Помеѓу 2005 и 2020 година, повеќе од 93.000 деца беа потврдени како регрутирани и користени од страните во конфликтот, иако се верува дека вистинскиот број на случаи е многу поголем.Проценките според Сингер (2005) велат дека во 2005 год. имало околу 300 000 деца борци кои тогаш се бореле или само што биле демобилизирани и уште 500 000 деца борци кои биле тогаш мобилизирани во војските кои не војувале. Честопати наречени „деца војници“, овие момчиња и девојчиња трпат широки форми на експлоатација и злоупотреба кои не се целосно опфатени со тој термин.Децата стануваат дел од вооружени сили или група од различни причини.Некои се киднапирани, загрозени, принудени или манипулирани од вооружени актери.Други се водени од сиромаштија, принудени да генерираат приход за своите семејства.Сепак, други се здружуваат за опстанок или за заштита на нивните заедници.Без разлика на нивната вклученост, регрутирањето и употребата на деца од вооружените сили е сериозно кршење на правата на децата и на меѓународното хуманитарно право.Тешките злоставувања на децата - кои вклучуваат регрутирање, киднапирање, сексуално насилство, одбивање на хуманитарен пристап, напади на училишта и болници и убивање и осакатување - може да имаат големо влијание врз нивните животи, почнувајќи од физичка до психолошка траума, или промени во животот,повреди и смрт(Save The Children 2022).

Сегашната преваленца на деца во вооружени конфликти е исто така придружена со тренд вооружените групи да користат помали деца, факт што се рефлектира во континуираниот пад на вкупната средна возраст на бомбашите самоубијци. Како и со адолесцентите, така групите сега често користат 12-годишници (а понекогаш и деца на возраст од седум години) како бомбаши самоубијци.Со искористување на децата, вооружените групи добиваат компаративни предности, особено елементот на изненадување и зголеменото медиумско внимание поради шокантната вредност на прекршувањето на претходните општествени и психолошки бариери.

Колку деца низ светот моментално го искусуваат директно или индиректно вооружениот конфликт?! Околу 449 милиони деца низ светот - или 1 од 6 - живееле во зона на конфликт во 2021 година, што е благ пад од претходната година (450 милиони).Африка имаше најголем вкупен број на деца погодени од конфликт (180 милиони), а потоа следуваат Азија (152 милиони) и Америка (64 милиони). Во 2022 година повеќе од половина од сите деца кои живеат во конфликтните области во 2021 година – околу 230 милиони – живееле во најсмртоносните земји во конфликт[8], што е зголемување од 9% во однос на претходната година, открива новата анализа на Save the Children,објавена за време на Африканската конференција за деца и вооружени конфликти.

Додека регистрираниот број на инциденти на убиства и осакатувања во конфликти е намален за околу една третина од 2018 година, повеќе од 8.000 деца - во просек по 22 на ден - умреле или биле осакатени во 2021 година. Овие бројки трагично беа зголемени малку во 2022 година (можеби поради војната во Украина). Според анализата на Save the Children, Јемен е на врвот на листата на 10 земји во кои децата биле најпогодени од конфликти во 2021 година. И покрај зголемувањето на бројот на деца кои живеат во најсмртоносните воени зони, во кои беа забележани повеќе од 1.000 смртни случаи поврзани со борби во една година, вкупниот број на тешки прекршувања врз децата е намален од 2020 година, но најверојатно ваквото статистичко намалување се должи на погрешното или недоволното известување како резултат наограничувања за пристап. Платформата за мониторинг на медиумите Мелтвотер откри дека во периодот од 1 јануари до 30 септември 2022 година, Украина добила пет пати повеќе медиумско покривање од сите 10 земји кои биле најтешко погодени од конфликтот заедно.Во тој период, Јемен - најлошата земја за дете во конфликт - имаше само 2,3% од медиумското покривање во споредба со Украина. Иако повеќе фактори можат да влијаат на тоа како донаторите ги дистрибуираат парите, финансирањето на плановите за хуманитарен одговор (HRP) за земјите во кои децата беа најпогодени од конфликт во 2021 година, во просек, беа финансирани само 43% од 4 ноември 2022 година – оставајќи милиони деца без пристапдо основните работи кои спасуваат живот, како што се

[8] Земји во конфликт со повеќе од 1.000 смртни случаи поврзани со битки.

здравствената заштита и храната, како и услугите за образование и заштита. Од 4 ноември, сирискиот HRP се сведе само на 27,5% финансирање, додека Мјанмар беше финансиран само 22,5%.Ажурираната жалба на Украина, од друга страна, беше финансирана со 68,1%.

4. Жртви во современите вооружени конфликти

Иако има намалување на бројот на конфликтите, како и последователното намалување на бројот на загинати, не нѐ изненадува трендот според кој цивилите и понатаму го сочинуваат поголемиот дел од загинатите во современите вооружени конфликти. Според една студија (Human Security Centre, 2005, 75) помеѓу 30 и 60% од загинатите во современите конфликти се цивили иако тешкотиите при добивањето сигурни систематски податоци од воените зони го прави невозможно сознанието за сигурниот број на загинатите цивили. Денешните конфликти се внатрешни и урбани - со поголемо влијание врз цивилите и инфраструктурата.Конфликтите продолжија да предизвикуваат широко распространета смрт на цивили до 2021 година, особено во густо населените области, каде што цивилите сочинуваа 90 отсто од жртвите при употреба на експлозивно оружје, во споредба со 10 отсто во другите области.Така, од почнувањето на т.н. специјална воена операција во Украина на 24 февруари за само 3 месеци, Канцеларијата на Високиот комесаријат за човекови права на Обединетите нации (ОХЦХР) забележа 8.089 цивилни жртви во Украина, со 3.811 убиени. Екстензивното гранатирање на градовите на двете страни од завојуваните сили на територијата на Украина се изведува со „цинична рамнодушност" кон заштита на цивилите. Болниците, училиштата, станбените згради и засолништата се на удар, а 12 милиони Украинци беа принудени да ги напуштат своите домови.[9]

Дел од причината за зголемениот број на загинати цивили во современите вооружени конфликти е тоа што според изворите на Програмата на Упсала за податоци за конфликти (UCDP) има зголемување од повеќе од 50% на походите за спроведување маскар врз цивили од 1989 год. кои се извршени од влади и од недржавни актери, при што и хуманитарните работници исто така стануваат цел на намерно насилство. Нападите врз хуманитарните работници се често дел од воената стратегија. По децении на релативен имунитет на хуманитарните работници, од 1997 до 2005 год. бројот на убиените хуманитарни работници се зголемил за 50%, иако стапката на насилните напади против хуманитарните работници само малку се зголемила во истиот период (Stoddard 2006).Некои борбени страни наметнуваат строги ограничувања на хуманитарните активности со бирократски мерки кои ги забавија или заглавија хуманитарните операциите.Зголемениот број на недржавни вооружени групи ги комплицираат преговорите, додека приватните воени изведувачи им

[9]Плус украинските Руси од териториите кои ги анексираше Руската Федерација.

создаваат проблеми на хуманитарците кои работат да стигнат до луѓето на кои им е потребна помош.[10]Потврдените инциденти на одбивање на хуманитарен пристап значително скокнаа во последните три години, главно предизвикани од инцидентите во Јемен и во окупираните палестински територии. Постои загриженост поради зголемените напади врз хуманитарниот персонал, и секогаш кога сторителите ќе избегаат од одговорност, се воспоставува културата на неказнивост.Ова уште повеќе ги изложува на ризик хуманитарните работници и пошироко го ослабува владеењето на правото, и токму тоа побарува поголеми напори и од државите и од респектираните меѓународни авторитети за прекин на овој циклус.

Повеќето од загинатите во современите вооружени конфликти се од т.н. индиректна смрт. Тоа се однесува на луѓето (главно жени, деца и стари) кои умираат од болести поврзани со војната и од неисхранетост, обично интензивирани преку раселување. Иако претставува најбројна категорија на смрт, овој вид е најмалку истражуван и документиран бидејќи мерењето на индиректната смрт е проследено со проблеми кои произлегуваат од методологијата (особено со тоа како да се мери и да се споредува нормална со абнормална стапка на морталитет) на собирањето податоци, бидејќи регистрираните податоци се изменувани поради пропаганда. Сепак, генерално постои согласување дека променетата демографија на жртви е поврзана со начинот на современото војување.

**Заклучок**

Критериумите на прагот на насилство и степенот на организираност на вооружената група ги разликуваат ситуациите на немеѓународни вооружени конфликти од ситуации на внатрешни немири, немири, тероризам или висок криминалитет кои не подлежат на меѓународното хуманитарно право.Ако прагот или критериумите за организација не се исполнети, ситуацијата не значи немеѓународен вооружен конфликт. Од аспект на хуманитарното право, не постои друга категорија на вооружен конфликт освен меѓународен и немеѓународен вооружен конфликт.

Се поставуваат сериозни прашања за тоа како страните во современите конфликти ги толкуваат и применуваат релевантните правила на меѓународното хуманитарно право, со нагласка дека концептот на „воена неопходност" се злоупотребува почесто. Дипломатскиот, политичкиот, правниот и хуманитарниот систем за заштита на цивилите пропаѓа.

Регрутирањето на деца-војници останува главен проблем, бидејќи интернетот нуди начин за вооружените групи да допрат до млади луѓе кои не се наоѓаат во близина на конфликтот.Напорите за добивање на следната

[10]Во Авганистан, Ирак и Нигерија, персоналот на Лекари без граници беше малтретиран поради наводна поддршка на терористите преку обезбедување непристрасна здравствена заштита.

генерација се откриени во заедниците на дијаспората во Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство.Сепак, навиките за регрутирање на вооружените групи сѐ уште се најопипливи на ниво на земја.Училишта посветени на извлекување „маченици" се основани во Ирак, Пакистан, Сирија и Судан;фудбалските тимови, улиците, парковите и летните кампови во Палестина се именувани по терористите. Некои групи киднапираат деца, додека други ги мамат со стимулации.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1. Aldrich, H.George. (1982). *Guerilla Combatants and Prisoner of War Status*, 31 AM. U.L.REV. 871, 872

2. Cameron, L. B., Demeyere, J-M. Henckaerts, E. La Haye and I. Müller. (2016). *Commentary on the First Geneva Convention*, , 'Article 3: Conflicts Not of an International Character' with contributions by C. Droege, R. Geiss and L. Gisel, ICRC, p 472.

3. CSCW Centre for the Study of Civil War- PRIO. (2014). Global Trends in Armed Conflict. https://www.hbuhaug.com/wp-content/uploads/2014/02/Global-Trends_final.pdf

4. Harvard Strand, Havrvard Hegre. (2021). *Trends in Armed Conflict, 1946–2020*. In Conflict trends 3 2021. Peace research Institute in Oslo. https://www.prio.org/download/publicationfile/2350/Strand%20&%20Hegre%20-%20Trends%20in%20Armed%20Conflict,%201946-2020%20-%20Conflict%20Trends%203-2021.pdf

5. Human Security Centre. (2005). *Human Security Report, 2005: war and peace in the 21st Century*. Oxford: Oxford University Press

6. ICTY. (1995). *The Prosecutor v Dusko Tadić*, Appeals Chamber, Decision on the Defence Motion for Interlocutory Appeal on Jurisdiction. IT-94-1-AR72, 2 October, p 70

7. IISS. (2018). Child Soldiers in Armed Conflict. https://www.iiss.org/publications/armed-conflict-survey/2018/armed-conflict-survey-2018/acs2018-03-essay-3

8. International Committee of the Red Cross (ICRC). (2011), *International Humanitarian Law and the Challenges of Contemporary Armed Conflicts*, 31st International Conference of the Red Cross and Red Crescent, p 8.

9. Keegan, John. (1994). *A History of Warfare*. London, Vintage Books.

10. Lacina, Bethany Ann; Nils Petter Gleditsch & Bruce M. Russett.(2006). 'The Declining Risk of Death inBattle', International Studies Quarterly 50(3), 673–680.

11. Lieber Code. (1863). https://ihl-databases.icrc.org/en/ihl-treaties/liebercode-1863

12. Mack, Andrew. (2007). *Global Political Violence: Explaining the Post-Cold War Decline*. New York: Integration- al Peace Academy Coping with Crisis Working paper, March.

13. Save The Children. (2022). NEW REPORT: Number of children living in deadliest conflict countries jumps nearly 10% in one year. Syria, Yemen.

November 30. https://www.savethechildren.net/news/new-report-number-children-living-deadliest-conflict-countries-jumps-nearly-10-one-year

14. Singer, P.W. (2005). *Children at War*. London: Pantheon.

15. SIPRI. (2022). Yearbook 2022. 2. *Global developments in armed conflicts, peace processes and peace operations*. https://www.sipri.org/yearbook/2022/02

16. Solf ,Waldmar. (1983). *The Status of Combatants in Non-International Armed Conflicts Under Domestic Law and Transnational Practice*, 33 Am. U. L. Rev. 53, 59

17. Stoddard, Abbey, Adele Harmer and Katherine Haver. (2006). *ProvidingAidin Insecure Environments: Trends in Policy and Operations*. London: Humanitarian Policy Group, HPG No.23)

18. UNICEF. (2021).Children recruited by armed forces or armed groups. https://www.unicef.org/protection/children-recruited-by-armed-forces

**19. UN Meetings Coverage and Press Releases, 2022.** Ninety Per Cent of War-Time Casualties Are Civilians, Speakers Stress, Pressing Security Council to Fulfil Responsibility, Protect Innocent People in Conflicts. 9042nd Meeting, SC14/904. 25 May 2022. https://press.un.org/en/2022/sc14904.doc.htm

20. U.S. DEP'T OF THE AIR FORCE. (1976). *International Law-The Conduct Of Armed Conflict And Air Operations*, APF